РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-301/13
28-10-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-301/1 од 22.01.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај, од причина што по предметните наводи постапуваат надлежен орган, дел од состојбите се надминати, а за дел од наводите ќе одлучи со друга одлука.

Предметот со број 12-301 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-301/1 од 22.01.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, по електронски пат. Кон овој предмет е припоен предметот со број 12-248/1 од 04.05.2024 година, а кон овој предмет е припоен и предметот со број 12-21/1 од 03.01.2024 година, двата оформени врз основа на поднесена пријава од непознати подносители – професори на ///. Изнесените наводи се однесуваат на сомнежи за неправилности при изборот во наставно – научно звање во редовен професор на ///, поради ///, за незаконски спроведена постапка за избор на ректор во оваа високо образовна установа, за судир на интереси кај службено лице ///, затоа што била истовремено и член на управниот одбор на ///, како и за непотизам за вработување на нејзино блиско лице – асистент во универзитетот.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со цел испитување на наводите од предметот, ДКСК побара податоци, информации и документација од Државен просветен инспекторат на РСМ, Инспекциски совет на РСМ, Министерство за внатрешни работи на РСМ и од Инспекциски совет на РСМ и изврши увид во својата службената документација, при што беше констатирано дека по однос на наводите за судир на интереси и непотизам се постапува по друг предмет во ДКСК, во рамките на надлежностите на одделението за спречување судир на интереси и лобирање, за што по завршувањето на предметот, ДКСК ќе донесе одлука по однос на овие наводи од нејзина законска надлежност.

Од увидот во доставената документација од горе означените институции, произлезе дека по предметните наводи за /// на горе посоченото службено лице постапува ///, заради што ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување од нејзина страна по однос на овие предметни наводи. Ова од причина што друг надлежен орган ги испитува ваквите наводи.

Што се однесува по предметните наводи за незаконски спроведена постапка за избор на ректор во универзитетот, од увидот во доставената документација, произлезе дека Државниот просветен инспекторат на РСМ, спровел вонреден инспекциски надзор, со што ги испитал овие наводи, по што била утврдена фактичка состојба, со одредени процесни недостатоци во постапката за избор на ректор. Последователно, сенатот на универзитетот, во 2024 година, го поништил изборот и ја повторил постапката за избор на ректор, од каде произлегува дека состојбите по однос на сомнежите за незаконски избор на ректор се надминати, поради што ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц. Р., член

Доставено до:
- Подносителот